# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2018 ГОДИНА

www.ap.mk

*Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година е изготвен согласно членот 12 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/2019), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работата за претходната година*

## СОДРЖИНА:


ВОВЕД ........ Error! Bookmark not defined.

1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ........ 6

1.1 Надлежности ........ 6

1.2 Органи на Агенцијата за пошти ........ 7

1.3 НПАА (Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија) ........ 8

2. ПРАВНА РАМКА ........ 9

2.1 Законот за поштенските услуги ........ Error! Bookmark not defined.

2.2 Подзаконски акти ........

3. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР ........ 10

3.1 Влез на пазарот и конкурентско опкружување ........ 10

3.1.1 Лиценцирање ........ 11

3.1.2 Активни даватели на поштенски услуги во 2018 година ........ 11

3.3 Управни постапки пред Агенцијата ........ 13

3.4 Надзор и контрола ........ 16

3.4.4 Соработка со други институции ........ 17

3.5 Мерење на квалитетот на пренос на единични поштенски пратки кај давателот на универзална услуга за 2018 година ........ 19

3.6 Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ........ 20

3.7 Заштита на правата на корисниците ........ 21

4 СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 23

5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 32

5.1 Јавно и транспарентно работење ........ 32

5.2 Меѓународна соработка на Агенцијата за пошти ........ 32

5.2.3 Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и Европска Комисија ........ 34

5.2.4 Светски поштенски сојуз (UPU) ........ 35

5.2.5 Други меѓународни активности ........ 36

6 ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ........ 37

7 ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА ........ 38

8 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ........

# ВОВЕД

Агенцијата за пошти како регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенски услуги, во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што, освен Законот за поштенските услуги, го сочинуваат подзаконските акти кои ги подготви и имплементираше Агенцијата.

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2018 година ги покажува активностите кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија, заштита на правата на корисниците, како и статистички податоци кои ја покажуваат состојбата на поштенскиот пазар. Истите Ви ги презентираме според надлежностите на Агенцијата за пошти кои се однесуваат на регулација на пазарот, на лиценцирање на даватели на поштенски услуги, потоа водење на управни постапки, следење на универзалната услуга, како и надзор над спроведувањето на Законот за поштенските услуги и заштита на правата на корисниците. Презентирани се и иницијативи и соработка, како со домашни, така и меѓународни институции и тела.

Годишниот извештај на Агенцијата за пошти е поделен во 8 поглавја, во зависност од активностите кои ги спроведувала Агенцијата на полето на регулација на пазарот на поштенски услуги.

Првото поглавје, дава преглед на позицијата на Агенцијата, органите на управување и раководење, нејзините надлежности, како и активностите кои ги презема во насока на усогласување со европското законодавство.

Во второто поглавје е опфатена правната рамка.

Понатаму, третото поглавје ја опфаќа регулацијата на пазарот, односно нормативното уредување, издавање и ревидирање на дозволи за вршење на поштенски услуги, управни постапки, посебно сметководство, регулација на цени за обезбедување на поштенски услуги, како и надзорот над давателите на поштенските услуги, но и заштита на правата на корисниците.

Следното поглавје дава приказ на активностите на давателите на поштенски услуги, обемот на поштенскиот пазар во Република Македонија, квалитетот на обезбедувањето на универзалната услуга и податоци за капацитетот на поштенската мрежа.

Петтото поглавје се однесува на активностите насочени кон јавното и транспарентно работење на Агенцијата, како и на соработката на Агенцијата со сродни меѓународни регулаторни тела во регионот и во Европа, со цел размена и стекнување на искуства и знаења од полето на регулација на пазарот на поштенски услуги.

Јакнење на институционалните капацитети е прикажано во шестото поглавје, односно преглед на посетени обуки, генерички и специјализирани, семинари, советувања, работилници или други тематски расправи.

Седмото поглавје го презентира Извештајот за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга.

Последното поглавје ги опфаќа финансиските извештаи за 2018 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

Овој Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2018 година беше усвоен од страна на Комисијата на Агенцијата во следниот состав:

- Борче Груевски, претседател
- Суад Бајрами, заменик претседател
- Владимир Кироски - член
- Кристина Јанкулоска Гацоска - член
- Биљана Шехтанска – член

# 1. ПОЗИЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

## 1.1 Надлежности

Надлежни за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт и врски и
- Агенцијата за пошти.

Агенцијата за пошти во согласност со одредбите од Законот за поштенските услуги (Службен Весник на Република Македонија бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/2019) е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на овој закон,
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга,
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга,
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга,
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга,
- издава општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација,
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа,
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга,
- формира компензациски фонд и да управува со средствата од компензацискиот фонд,
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга,
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него,
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги,
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за општата управна постапка,
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги,
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги,
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци,
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување,
- соработува со други државни органи и институции,

- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата,
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела,
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги и
- врши и други работи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

## 1.2 Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата ги извршува своите законските надлежности преку органите - Комисија и Директор.

Според закон, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од пет члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Во февруари 2018 година Комисијата започна да работи во полн состав, и тоа: Благој Индов – претседател (именуван за член на Комисијата на Агенцијата за пошти во февруари 2018 година од страна на Собранието на РМ)[1], Суад Бајрами - заменик претседател, Кристина Јанкулоска Гацоска - член, Биљана Шехтанска – член и Владимир Кироски – член (именуван за член на Комисијата на Агенцијата за пошти во февруари 2018 година од страна на Собранието на РМ). Во февруари 2018 година за претседател на Комисијата беше избран Благој Индов, од редовите на членовите на Комисијата, а за заменик претседател беше избран Суад Бајрами, исто така од редовите на членовите на Комисијата.

Комисијата на Агенцијата за пошти во 2018 година одржа 13 состаноци, од кои еден јавен состанок. Комисијата како дел од своите надлежности, го одобри Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2017 година и ја усвои Годишната сметка за 2017 година, работеше на донесување на подзаконски акти, ја донесе одлуката за вредноста на поенот за 2019 година, ја усвои Годишната програма за работа на Агенцијата за 2019 година и во текот на целата година го следеше спроведувањето на Програмата за работа на Агенцијата за 2018 година.

Орган на раководење на Агенцијата за пошти е директорот кој ја застапува и претставува Агенцијата и е одговорен за законитото работење на истата. Директорот ги носи сите решенија по прашање од надлежност на Агенцијата и други одлуки со кои поединечно се уредуваат одредени односи за прашања за кои не одлучува Комисијата. Директорот е одговорен за спроведување на одлуките и актите донесени од Комисијата. За спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2018 година, Директорот квартално ја известуваше Комисијата преку своите извештаи.

[1] Престанок на мандат на 08.02.2019 година со Одлука за разрешување и именување член на Комисијата на Агенцијата за пошти од Собранието на Република Македонија бр. 08-1066/1 од 08.02.2019 година

Во 2018 година директор на Агенцијата за пошти беше м-р Влатко Атанасоски[2].

## 1.3 НПАА (Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија)

Тргнувајќи од активностите кои треба да следат во поглед на започнување на скрининг процесите за усогласеноста на домашното законодавство со европското законодавство во функција на отпочнување на преговорите за влез во Европската Унија, главен приоритет на Агенцијата за пошти беше континуирано усогласување на домашното законодавство во обласа на поштенските услуги со европското законодавство и преземање активности за целосно имплементирање на законската регулатива.

Со цел согледување на процесот на усогласеноста на домашното законодавство со европското во областа на поштенските услуги редовно се доставуваа месечни, квартални и полугодишни извештаи за активностите кои ги преземаше Агенцијата за пошти во 2018 година до Секретаријатот за Европски прашања кои го следат напредокот и ги проследуваат извештаите до Европската Комисија.

[2] Престанок на мандат на директорот Влатко Атанасоски на 14.01.2019 година

# 2. ПРАВНА РАМКА

## 2.1 Закон за поштенските услуги

Законот за поштенските услуги, основен материјален и процесен закон кој го применува по кој постапува Агенцијата за пошти, е донесен во 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010) од страна на Собранието на Република Македонија и до крајот на 2018 година има претрпено 8 измени, од кои две во текот на 2018 година.

Првата, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2018) се однесува на условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор на директор на Агенцијата и на времено престанување со примената на постојните одредби за условот за познавање на странски јазик на директорот. Таквото одложување во траење од четири и пол месеци немаше импликации врз работењето на Агенцијата.

Со втората, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2018) се одложува датумот на укинување на резервираната услуга, а со тоа и датумот на целосна либерализација на поштенскиот пазар во Република Македонија. Пролонгирањето на укинување на резервираната услуга за 1 година е четврто пролонгирање по ред, по првичниот датум од Законот од 2008 година, па денот за укинување на ценовниот монопол за писма до 50 грама сега е пропишан за 31.12.2019 година.

Министерството за транспорт и врски е орган на државната управа надлежен за подготовка на Законот за поштенските услуги со неговите измени.

## 2.2 Подзаконски акти

Комисијата на Агенцијата за пошти има надлежност да донесува подзаконски и други акти за спроведување на Законот за поштенските услуги, согласно целите и задачите за поблиско уредување на одредени прашања од поштенската област, за кои што одредбите во Законот за поштенските услуги упатуваат на регулација од страна на Агенцијата за пошти.

Во текот на извештајниот период во примена биле 17 Правилници и три Одлуки, донесени од страна на Комисијата, како орган на Агенцијата за пошти.

Во ноември 2018 година, Комисијата донесе Одлука за определување вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок за 2019 година, во која вредноста на поенот е утврдена во висина од 437,1173 денари. Одлуката бр.02-219/8 е јавно објавена во јануари 2019, а вака утврдената вредност на поенот ќе се применува во 2019 година, односно ќе служи за пресметка на годишниот надоместок кој ќе го плаќаат давателите на поштенските услуги во 2019 година.

Во текот на извештајниот период, а по одобрување од страна на Собранието на Република Македонија и објавување во „Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2018, за пресметка на годишниот надоместок за 2018 година Агенцијата за пошти ја применуваше

вредноста на поенот од 448,8211 денари, определена со Одлука на Комисијата бр.02-175/13 од 29.11. 2017 година.

Во 2018 година од страна на Комисијата не се вршени измени на постојните подзаконски акти.

# 3 РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

## 3.1 Влез на пазарот и конкурентско опкружување

Во согласност со европските директиви, влезот на македонскиот поштенскиот пазар за приватните компании нема правни ни фактички бариери уште од 2009 година а постапките пред Агенцијата за издавање дозволи-Општи овластувања се едноставни и брзи. Опфатот на услуги за кои аплицираат компаниите е практично неограничен, со исклучок на ценовното ограничување за пратки за кореcподенција и директна пошта со маса до 50 грама.

Конкурентското опкружување е еден од критериумите кои секогаш се земаат во предвид при оценувањето на функционалноста на поштенскиот пазар, но е важен елемент и за оценка на ефективноста на правната рамка. Тоа се разгледува преку неколку квантитативни и квалитативни индикатори како бројот, типот, можностите за избор на поштенски оператор, но и динамичноста на услугите кои компаниите ги нудат за своите корисници.

Според обемот и видот на издадени Општи овластувања и во 2018 година продолжи трендот на појава на нови старт-ап компании со претпазлив настап на пазарот, локално, на пазарот на писма, но и со минимална техничка и кадровска опременост и ниски цени. Сите тие, со исклучок на еден кој започна со експресни услуги, својот влез во 2018 година на поштенскиот сектор го направија во сегментот на услуги за писма- и тоа за услуги за кои се бара посебен начин на постапување при доставата според процесните закони (т.н. нотарски и извршителски писма).

Во 2018 како и претходно, по стабилизирање во дејноста, активните оператори полека го проширувaат работењето со нови услуги за писма но и во сегментот на услуги за пакети. Проширување на мрежите на пошироко географско подрачје, во извештајниот период немаше.

Оваа година 4 поштенски оператори го напуштија пазарот, од кои на 3 дозволите им се укинати како мерка од регулаторот.

И покрај се поголемиот пазарен удел на приватните даватели во писмоносните услуги, сегментот на услуги за писма на македонскиот пазар е се уште високо концентриран во корист на давателот на универзалната услуга.

Како насекаде, така и на домашниот поштенски пазар, најзначајниот тренд забележан во изминатите години е падот на побарувачката за писмоносни услуги, па следствено и вкупниот обем на писма.

Спротивно на писмата, вкупниот обем во сегментот услуги за пакети и експрес услугите кај нас бележи континуиран раст, но со значително помал процент од европскиот, од просечни 13% годишно.

Вкупната бројка на пратки по глава на жител во Македонија падна под 20 уште пред неколку години, што покажува дека растот на пакетските услуги не е од толкав обем за да го компензира рапидното опаѓање на писмата.

Во делот на пакетски услуги во внатрешниот поштенски сообраќај конкуренција има доволно и со ниски цени, па пазарниот удел на давателот на универзална услуга е релативно мал. Во тој сегмент се уште има повеќе компании кои влегуваат од такви кои излегле од пазарниот натпревар. Во меѓународната достава на пакети и писма Агенцијата последно издаде дозвола на почетокот на 2016 година.

Од аспект на бројот на поштенски оператори 2018 година е забележителна и по зголемениот интерес за влез и по бројот на издадени Општи овластувања на нови правни лица, вкупно 6 (шест). Во 2016 година влез на поштенскиот пазар направиле 5 (пет), а во 2017 година 3 (три) нови даватели.

### 3.1.1 Лиценцирање

Во текот на 2018 година, Агенцијата за пошти водеше вкупно 17 постапки во делот на надлежностите за издавање и одземање дозвола за работа во поштенскиот сектор. При тоа се постапуваше по 14 поднесени нотификации за започнување, промена или престанок со обезбедување поштенски услуги, а 3 постапки за укинување на Општо овластување се поведени по службена должност.

Во тие постапки издадени се 9 (девет) нови Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги, од кои што 6 (шест) се за нови старт-ап компании, а 3 (три) за актуелни поштенски оператори кои го проширија работењето со свои мрежи на цела територија на државата, но и со нови поштенски услуги. Четири постапки за добивање дозвола продолжија во 2019 година.
Од службената евиденција 1 (еден) давател е избришан по поднесена нотификација за престанок со обезбедување поштенски услуги , а други 3 (три) како мерка од Агенцијата.

Работејќи во насока на остварување на целите за промоција на конкуренцијата а во согласност со принципот на сервисна ориентираност на работата на регулаторот, организационата единица на Агенцијата задолжена за регулатива и лиценцирање, како континуирана активност и оваа година направи значителен број на стручни консултации со правни субјекти заинтересирани за отпочнување со работа, за начинот на работа во поштенскиот сектор и за неопходните претпоставки за обезбедување поштенски услуги, за регулаторните барања, за карактеристиките на одредени видови поштенски услуги и други прашања од интерес за работата во поштенската економска област.

### 3.1.2 Активни даватели на поштенски услуги во 2018 година

Во текот на целата 2018, на домашниот поштенски пазар работеле вкупно 38 лиценцирани даватели на поштенски услуги, а на крајот на годината останале да работат 34 даватели.

Постојаниот раст на бројката на активни даватели се одржува релативно стабилно низ годините и поради откажувањето од пазарната трка на помалите оператори кои работат локално

и екстензивно, на пазарот на писма, по економски неоправдано ниски цени. Во 2018, единствено отстапување од трендот е престанокот со работа на давателот Глобко Логистик Скопје, до пред три години еден од водечките по обем на поштенски услуги во домашниот сообраќај.

| Цела територија на Република Македонија | |
|---|---|
| **АД Македонска пошта Скопје** | Универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај |
| **ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **ТНТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **Брза пратка ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ и меѓународен сообраќај |
| **НОВА ПОШТА ДОО Скопје** | Цела територија на РМ |
| **ДелЦо ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ |
| **Глобко ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ |
| **Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола** | Цела територија на РМ |
| **ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ |
| **ПОСТ ЕСКПРЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје** | Цела територија на РМ |
| **ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК Скопје** | Цела територија на РМ |
| **ЕКСПРЕС ПОШТА ДОО Струмица** | Цела територија на РМ |
| **ВАШ КУРИР Плус ДООЕЛ Прилеп** | Цела територија на РМ |

| Ограничено географско подрачје | |
|---|---|
| **ДРД КУРИР ДООЕЛ СКОПЈЕ** | На подрачјето на град Скопје |
| **ДЕЛИВЕРИМЕН ДОО увоз-извоз Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ГЛОБАЛ МЕССАГЕ СКОПЈЕ** | На подрачјето на град Скопје |
| **Скопје Велосипедист ДООЕЛ** | На подрачјето на град Скопје |
| **ПРОЛОГИС сервис ДООЕЛ Скопје подружница ПРОЛОГИС СЕРВИС сервис** | На подрачјето на град Скопје |
| **БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **РИВАЛ ИНЖИНЕРИНГ-подружницаЕКСПРЕС Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Интернешенел меил деливери-ИМД ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Блек Партнер Деливери ДОО увоз-извоз Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **М-Достава ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **Еко Пошта ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ЕКО Велосипедист ДООЕЛ Скопје** | На подрачјето на град Скопје |
| **ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца** | Подрачје на општините Охрид и Струга |

| | |
|---|---|
| **МЕРЏАНОСКИ ТП - Тетово** | Подрачје на општините Тетово и Гостивар |
| **ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци** | На релација Кавадарци-Скопје-Кавадарци |
| **ЈДМ ПОСТ ЛОГИСТИКС Тетово** | На подрачјето на градовите Тетово и Гостивар |
| **БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК Тетово** | На подрачјето на општините Тетово и Гостивар |
| **ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп** | На подрачјето на општините Прилеп и Крушево |
| **АБЦ Пост ТП Гостивар** | На подрачјето на општините Тетово и Гостивар |
| **Макрошпед Логистик ДООЕЛ** | На подрачје на општините Прилеп, Долнени, Кривогаштани |
| **Деливери Филип ДООЕЛ Прилеп** | На подрачје на општините Прилеп, Долнени, Кривогаштани |

➢ Преглед - активни даватели на поштенски услуги во 2018 година

На 31.12.2018 година состојбата е 34 даватели, од кои АД Македонска пошта со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга и 33 правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги.

Од нив, овластени да работат на целата територија на Република Македонија се 15 даватели на поштенски услуги, а 7 и во меѓународниот поштенски сообраќај.

Локално, на територија на една или неколку соседни општини работат 19 даватели на поштенски услуги, а најголем дел од нив- 12 на територија на град Скопје.

Во 2018 издадени се вкупно 9 Општи овластувања, од кои 6 на нови, а 3 на постојни даватели кои добиле дозвола за проширување на услугите.

Општото овластување престанало да важи или е укинато за 4 даватели, кои по различен основ до крајот на извештајната 2018 го изгубија правото да вршат поштенски услуги.

## 3.3 Управни постапки пред Агенцијата

Во текот на 2018 година Агенцијата за пошти постапуваше по 64 управни предмети од нејзина надлежност.

Најголем дел од постапките се поведени по службена должност од страна на Агенцијата, со предмет утврдување на годишен надоместок за давателите на поштенски услуги. Годишен надомест за трошоците за мониторинг и следење од страна на Агенцијата, плаќаат сите лиценцирани даватели на поштенски услуги во висина утврдена со решение, согласно Законот.

Во 17 предмети поведени по примена нотификација за издавање, промена на Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги или поведени по службена должност, Агенцијата за пошти издаде девет Општи овластувања, а за 4 даватели Општото овластување им е укинато или престана да важи.

Четири постапки се водени по вонреден или контролен надзор против даватели на поштенски услуги, од кои една заврши со поведена прекршочна постапка пред надлежен суд. Две постапки се водени по управен приговор од корисници.

Во продолжение е прегледот на предмети во управна постапка водени во 2017 година.

| ПРЕДМЕТИ ОД УПРАВНА ЕВИДЕНЦИЈА за 2018 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред .бр. | Арх.број на предмет | Содржина | Преземени управни дејствија | Решавање предмети | Број на предмети |
| 1 | УП1 бр.02-45/2017<br>УП1 бр.02-46/2017<br>УП1 бр.02-01;бр.02-02;бр.02-03,бр.02-06; бр. 02-52;бр.02-53;бр.02-55 и бр.02- 56/2018 | Барање за добивање Општо овластување за обезбедување поштенски услуги со Нотификација за започнување со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија( писмени и усни инструкции и насоки и барања, документирање, задолженија и друга преписка, проверка на документи, увид , изработка на поединечни акти, евидентирање) | **УП I бр.02-45/2017** -издадено Општо овластување -определено географско подрачје -ИМД Интернешенел Меил Деливери ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр.02-46/2017**-издадено Општо овластување-определено географско подрачје -Блек Партнер Деливери Сервис ДОО Скопје<br>**УП1 бр.02-01** - издадено Општо овластување -определено географско подрачје Еко Пошта ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-03** издадено Општо овластување - определено географско подрачје Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-02**- издадено Општо овластување -определеногеографско подрачје М-Достава ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-06** -издадено Општо овластување - определено географско подрачје Еко Велосипедист ДООЕЛ Скопје<br>**УП1 бр. 02-52** - постапка во тек за издавање Општо овластување - определено географско подрачје - Анфиленд подружница Брза Пошта број еден<br>**УП1 бр.02-53** - постапка во тек за издавање Општо овластување - цела територија на државата Еко Велосипедист Скопје<br>**УП1 бр.02-55**-постапка во тек за издавање Општо овластување - определено географско подрачје Сити Пошта Скопје<br>**П1 бр.02-56**-постапка во тек за издавање Општо овластување - определено географско подрачје Премиум Деливери Скопје | 10 |
| 2 | УП1 бр.43/2018<br>УП1 бр.44/2018<br>УП1 бр.45/2018 | Барање за добивање Општо овластување со Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија( писмени и усни инструкции и насоки и барања, документирање, задолженија и друга преписка, прибавување и проверка на документи, увид, изработка на поединечни акти, евидентирање) | **УП1 бр.02-43**-издадено ново Општо овластување - со проширување на услугите кои има право да ги обезбедува давателот Еко Пошта Скопје на територија на град Скопје<br>**УП1 бр.02-44** - издадено ново Општо овластување - со проширување на услугите кои има право да ги обезбедува давателот Еко Велосипедист Скопје на територија на град Скопје<br>**УП1 бр.02-45-** ново Општо овластување -со проширување на услугите кои има право да ги обезбедува давателот Еко Велосипедист Скопје на територија на град Скопје | 3 |
| 3 | УП1 бр.02-59 /2018 | Нотификација за престанок со обезбедување поштенски услуги | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија, прибирање документи (преписки, задолженија), проверка на факти и евидентирање | **УП1 бр.02-59** - констатирано престанување со обезбедување поштенски услуги и бришење на податоците на давателот Филип Деливери ДООЕЛ Прилеп од службена евиденција на Агенцијата за даватели. | 1 |
| 4 | УП1 бр. 02-04/2018<br>УП1 бр.02-57/2018<br>УП1 бр.02-58/2018 | Постапки за престанок на важност и за укинување на Општото овластување- поведени по службена должност | Прибирање документација од органот, проверка на факти, изработка на поединечни акти | **УП1 бр.02-04** Со Решение од 28.02.2018, а согласно чл.46 став 1 од Законот, престана да важи Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за Макрошпед Логистик увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп,-поради престанок на правното лице **УП1 бр.02-57** Со Решение од 25.12.2018, а согласно член 45 став (4) од Законот, укинато е Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за правното лице Скопје Велосипедист Скопје ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на правата и обврските од дозволата.<br>**УП1 бр.02-58** - Со Решение од 25.12.2018, а согласно член 45 став(4) од Законот, укинато е Општото овластување за Глобко Логистик ДОО Скопје (сега Аквмаром ДООЕЛ Скопје) поради неисполнување на правата и обврските од дозволата. | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | УП1 броеви: 02-05,02-07,02-08,02-09,02-10,02-11,02-12,02-13,02- 14,02-15,02-16,02-17,02-18,19,20,21,22,23,24,25, 26,27,28,29,30,31,32,33,34,35,36,37,38, 39,40,41,02-42 и 02-51 /2018 | Постапки за утврдување на висината на годишниот надоместок на давателите | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија (прибирање документи, проверка на факти, пресметки, изработка на поединечни акти и евидентирање) | Водени се постапки за 38 лиценцирани поштенски оператори и издадени се 38 Решенија за годишен надоместок за 2018 година за даватели на поштенски услуги Следење на доброволно извршување и водење постапка за присилно извршување | **38** |
| 6 | УП1бр.02-48/2018<br>УП1 бр.02-49 /2018<br>УП1бр.02-09/2017<br>УП1бр.02-10/2017 | Инспекциски надзори (вонредни, контролни) Цел: достава на пратки без овластување, достава не препорачани пратки и евиденција за препорачани пратки. Прекршочна постапка | Направени четири надзори над даватели на поштенски услуги, од кои два вонредни и два контролни, составени записници со наоди, констатитани прекршоци, изготвени и доставен записници и решенија со мерки за отстранување на утврдени недостатоци. | **Уп1 бр.02-49**- вонреден надзор во објектот на Автобуска станица Прилеп на Пелагонија Бус ДООЕЛ Прилеп -Записник УП1 02-49 од 26.09.2018 - не се констатирани повреди.<br>**УП1 бр. 02-48 -** надзор над давателот на поштенски услуги Пост Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје, кои произлегоа од постапката УПП 02-12 од 2018 година по приговор од физичко лице за погрешна достава на пратка ; Записник УПІ 02-48 од 12.09.2018, со наод и издадено Решение УПІ 02-48 од 17.09.2018- со мерки. **УП1 бр.02-09**-контролен надзор врз СКОПЈЕ ВЕЛОСИПЕДИСТ ДООЕЛ СКОПЈЕ - составен е Записник за извршен надзор - со наод и Записник за сторен прекршок од 26.09.2018 год., издадени два Прекршочни платни налози за правното лице и два Прекршочни платни налози за одговорното лице во правното лице – давател на поштенски услуги. Поднесено барање за поведување прекршочна постапка против давателот на поштенски услуги и одговорното лице на правното лице, на 07.12.2018 година до надлежен суд во Скопје.<br>**УП1-02-10-** контролен надзор врз субјектот ВАШ КУРИР ПЛУС ДООЕЛ Прилеп, Записник за извршен надзор УП1 ИН 1 бр. 02-10 од 20.09.2018 година - не се констатирани повреди. | **4** |
| 7 | УП1 бр.02-50/2018<br>УП1 бр.02-54/2018 | Управни приговори од корисници | Постапување, решавање и преземање други управни дејствија (барање одговор и прибирање документи и проверка, увид, изработка на поединечни акти) | **УП1бр.02-50** По управен приговор од корисник од Скопје-изготвено Решение УП1 бр.02-50 од 15.10.2018 година за запирање на постапка поради откажување на подносителот од барањето.<br>**УП1 бр.02-54** По управен приговор од корисник од Куманово-управниот приговор е отфрлен како ненавремен. | **2** |
| 8 | УП1 бр.02-46/2018 | Барање за издавање Извод од службена евиденција од подносител Македонска пошта | Проверка на факти, увид, изработка на поединечен акт и евиденција | **Уп1 бр.02-46** - Издаден Извод од службената евиденција на Агенцијата | **1** |
| 9 | Сите предмети | Управна статистика и евиденција | Статистика, изработка на 6 месечни извештаи за првостепена управна постапка, достава до Државен Управен инспекторат | Извештај од управна статистика јануари-јули 2018<br>Извештај од управна статистика јули-декември 2018 | **2** |
| | | **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ** | | | **64** |

## 3.4 Надзор и контрола

### 3.4.1 Надзор над давателите на поштенски услуги

Во текот на 2018 година, преземени се дејствија за надзор над даватели на поштенски услуги и други субјекти, и тоа извршени се три непосредни надзори, од кои еден вонреден и два контролни.

Во септември 2018 година овластени лица за вршење надзор од Агенцијата за пошти извршија вонреден надзор во објектот на Автобуска станица Прилеп на Пелагонија Бус ДООЕЛ Прилеп, во зградата на терминалот, како и на платформата со перони. Овластените лица констатираа дека граѓаните и фирмите ја користат автобуската станица за испраќање пратки по автобуси во домашен и меѓународен сообраќај, а за таа цел се плаќа жетон во висина од 20 денари. Понатаму, ниедна од просториите на автобуската станица не се користи за оставање и/или подигање на пратки. Во текот на надзорот е извршено фотографирање како доказ, а фотографиите се во прилог на Записникот (УП1 02-49 од 26.09.2018). На управителот на автобуската станица му беше посочено дека веднаш треба да се престане со активностите за испраќање пратки по автобуси и да се отстрани ознаката за карго пратки од инфо таблата на влезот. За време на надзорот над субјектот Автобуска станица Прилеп на Пелагонија Бус ДООЕЛ Прилеп не се констатирани прекршувања на членот 38 став 1 од Законот за поштенските услуги.

Понатаму, врз давателот на поштенски услуги ВАШ КУРИР ПЛУС ДООЕЛ ПЛУС на 20.09.2018 година извршен е контролен надзор со цел да се утврди фактичката состојба кај субјектот по однос на задолжението од т.1.4; т.1.5 и т.2 од Решението УП1 бр.02-10 од 21.11.2017 година од Агенцијата за пошти, донесено за отстранување на утврдените недостатоци кај субјектот со Записник УП1 ИН 1 бр.02/10 од 17.11.2017 година од извршениот вонреден надзор. Овластените лица констатираа дека субјектот постапил по задолженијата од госреспоменатото Решение во целост.

Овластените лица за вршење надзор извршија контролен надзор за постапување по Решение УП1 02-09 од 26.10.2017 година врз субјектот СКОПЈЕ ВЕЛОСИПЕДИСТ ДООЕЛ СКОПЈЕ. Давателот на поштенски услуги беше уредно писмено известен за контролниот надзор, за времето, местото и обемот со Допис од 19.09.2018 УП1 02-09, како и по е-пошта истиот ден. На лице место, субјектот не овозможил влегување на овластените лица во просторијата каде се наоѓаат предметите и средствата за обезбедување поштенски услуги, како и не ја ставил на увид поштенската документација и евиденција за предметите од член 80 став 1 алинеја 21 и член 80 став 1 алинеја 22 и став 2 од ЗПУ, по што на субјектот му е издаден Прекршочен платен налог за правното лице – давател на поштенски услуги и Прекршочен платен налог за одговорното лице во правното лице - давател на поштенски услуги. Против СКОПЈЕ ВЕЛОСИПЕДИСТ ДООЕЛ СКОПЈЕ во декември 2018 година, Агенцијата за пошти поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Основен суд Скопје I Скопје.

Исто така, во септември 2018 година, Агенцијата за пошти презема дејствија за надзор над давателот на поштенски услуги Пост Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје, кои произлегоа од постапката УПП 02-12 од 2018 година по приговор од физичко лице за погрешна достава на пратка од 17.04.2018 година. Составен е записник УПІ 02-48 од 12.09.2018, со наод и изготвено Решение УПІ 02-48 од 17.09.2018 со кое Агенцијата го задолжи управителот на Пост Експрес Македонија да ги достави бараните докази за спорната пратка, а давателот постапи по истото.

### 3.4.2 Управен инспекциски надзор врз работата на Агенцијата за пошти

Државниот управен инспектор изврши контролен надзор во Агенцијата за пошти на 13.03.2018 и за констатираната состојба состави Записник со наод за утврдена фактичка состојба. Предмет на надзорот беше Решение на Управниот инспектор Ресен Ип I бр.08-28 од 24.04.2018. Во Записникот е констатирано дека Агенцијата за пошти во целост постапила по предметното решение од 2017 година и нема да се преземаат дополнителни мерки.

Понатаму, Државниот управен инспекторат, врз основа на Барање поднесено од здружение за заштита на граѓански права од Скопје, на ден 03.09.2018 година, изврши инспекциски надзор во Агенцијата за пошти. Со Записник, Државниот управен инспекторат утврдил дека Агенцијата за пошти не ги повредила законските прописи и дека наводите во претставката Ип1 бр.09-724 од 22.08.2018 година се сметаат за неосновани.

### 3.4.3 Соработка со други државни органи во РМ

Во предметот бр.03-84/2 по барање на народниот правобранител, а врз основа на поднесена претставка од незадоволен корисник на поштенски услуги, извршен е надзор од страна на народниот правобранител и при истиот не се констатирани неправилности во постапувањето по предметот од страна на Агенцијата за пошти.

### 3.4.4 Соработка со други институции

Во јуни 2018 година на иницијатива на претставници од Светска Банка се одржа работен состанок помеѓу претставниците од Светска Банка и Агенцијата за пошти.

Фокусот на интерес на претставниците од Светска Банка беше функционирањето на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија, евентуални слабости кои ги воочил регулаторот. Главен акцент беше на давателот на универзална услуга АД Македонска пошта, со Индивидуална дозвола за домашен поштенски сообраќај на целата територија на Република Македонија и во меѓународен поштенски сообраќај.

Прашањата се однесуваа на бројот на даватели на поштенски услуги, за лиценците кои тие ги добиваат од Агенцијата за пошти и постапката за издавање на истите. Исто така, прашања кои се однесуваа на цените на услугите, понатаму за услугите од резервираната област, односно ценовниот монопол на АД Македонска пошта во однос на писмата до 50 грама, кој монопол, според закон, е до 31.12.2018 година.

Претставниците од Светска Банка беа информирани дека Владата на РМ е единствен сопственик на АД Македонска пошта, а со тоа и можност за наложување на дампинг цени на операторот за потребите на државните институции.

Што се однесува за целосната либерализација на поштенскиот пазар, претставниците од Агенцијата за пошти го изнесоа официјалниот став дека Агенцијата е против повторно одложување на либерализацијата.

Понатаму, претставниците од Светска Банка имаа прашања за посебни услуги кои ги нуди АД Македонска пошта, т.е. дали услугите се конкурентни на пазарот со останатите приватни даватели; за попустите кои ги дава компанијата на големите корисници, за удел на поштенскиот пазар. Претставниците од Агенцијата дадоа одговор на прашањата според официјалните податоци кои ги поседува дека Македонска пошта има удел на пазарот од 94% и дека има доминантна позиција на пазарот, и покрај тоа што компанијата има обврска за обезбедување на универзалната услуга на цела територија на Македонија. Попустите кои Македонска пошта ги одобрува на големите корисници се уредени со посебен Ценовник на компанијата. Исто така, беше нагласено, според закон, кои услуги спаѓаат во рамките на универзалната услуга. Се постави прашањето и дали Македонска пошта има даночно ослободување и беше даден одговор дека компанијата не е даночен обврзник.

Се постави и прашањето за квалитет на достава на писмоносните пратки, т.е. за времето на достава од страна на националниот оператор, и според мерењата на Агенцијата (преку независна компанија) истите покажуваат значително отстапување од пропишаните стандарди. Кај националниот оператор (АД Македонска пошта) има пропусти во начинот на достава, а една од причините е што корисниците на поштенски услуги не поседуваат поштенски сандачиња.

## 3.5 Мерење на квалитетот на пренос на единични поштенски пратки кај давателот на универзална услуга за 2018 година

Независната компанија која беше избрана да врши мерење на квалитетот на достава на единични поштенски пратки кај давателот на универзална услуга почнувајќи со април 2016 и завршувајќи со март 2018 година, достави податоци добиени од мерењето за првите три месеци од 2018 година, односно за последните месеци од мерењето.

Стандардите за квалитет за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење според кои Давателот на универзална услуга во внатрешен поштенски сообраќај е должен 85% од пратките за кореcподенција да ги пренесе во рок од еден работен ден (D+1), 90% од пратките за кореcподенција во рок од два работни дена (D+2) и 95% од пратките за кореcподенција во рок од три работни дена (D+3) се пропишани со законската регулатива од областа на поштенскиот сектор.

Во мерењето вршено согласно стандардот МКТИ EN 13850:2002+A1, опфатено е мерење на достава на пратки шест дена во неделата, со географска стратификација на урбано-урбано, урбано –рурално подрачје, рурално -рурално подрачје и рурално –урбано подрачје. Форматот на тест писмата се со формат од C6 со тежина помала од 20 грама, C6 со тежина до 20 грама, и C5, C6 и останато. Процентот на доставуваните тест пратки по определените карактеристики е одредено врз основа на реалната пошта.

Податоците за овие три месеци покажуваат дека во текот на мерењето испратени се 3737 пратки од кои 3328 се валидни пратки односно 89 % се валидни пратки кои го покажуваат квалитетот на достава на поединечни поштенски пратки.

Во текот на мерењето за период април 2017 –март 2018 испратени се 14373 пратки од кои 12868 се валидни пратки односно 89.5 % се валидни пратки кои го покажуваат квалитетот на достава на поединечни поштенски пратки.

| | D+1 | D+2 | D+3 | D+4 |
|---|---|---|---|---|
| | % | % | % | % |
| ЈАНУАРИ 2018 | 63,93 | 72,12 | 78,57 | 85,81 |
| ФЕВРУАРИ 2018 | 64,67 | 71,88 | 78,54 | 86,33 |
| МАРТ 2018 | 61,14 | 72,25 | 76,43 | 83,09 |

***Просечно доставени пратки D+1 во текот на првите три месеци од 2018 година е 63,2 %, за D+2 е 72,08 %, за D+3 е 77.85%, додека за D+4 е 85,1 %.***




## 3.6 Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга

Имплементацијата на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата како што се спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга, регулирање на цените на поштенските услуги, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа и утврдување на нето трошоците за универзалната услуга.

Во текот на 2018 година Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности превзема активности за унапредување на утврдените принципи и начини за водење на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга. За таа цел користени се искуствата од другите регулаторни тела како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и Европската група на поштенски регулатори (ERGP) во рамките на Европската комисија. Сето тоа е во функција на имплементација на систем за посебно сметководство кој ќе биде во согласност со законската регулатива и препораките на Европската директива за поштенски услуги, а кој ќе кореспондира со состојбата и карактеристиките на поштенскиот пазар во Република Македонија. Исто така, во 2018 година започна и Твининг проект за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ каде една од компонентите е и утврдување

на соодветен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите, модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и политика на цени, кој проект во голема мера ќе придонесе за унапредување на капацитетите како кај Агенцијата така и кај давателот на универзалната услуга во насока на имплементација на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите кој ќе биде во согласност со регулативата и препораките на Европската директива.

Давателот на универзалната услуга во согласност со законската регулатива до Агенцијата за пошти го достави Елаборатот за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија.

Доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи како и добиените резултати врз основа на него, се евалуирани од страна на Агенцијата за пошти. Врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата за пошти изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото е доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето се наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени се решенија за надминување на истите и градење на Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, во следниот период, треба да преземе активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат и да предложи Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците кој ќе одговори на барањата на Законот, Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Согласно Законската регулатива, целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

## 3.7 Заштита на правата на корисниците

### 3.7.1 Приговори од корисници

Поднесувањето на претставки подразбира писмено или усно обраќање на подносителите заради заштита и остварување на своите права и интереси. Подносител на претставка може да биде секое физичко или правно лице.

Генералната причина за ефективно постапување, регистрирање и категоризирање на приговорите е лесно наоѓање на информации за можностите за подобрување на квалитетот на услугите и процесите.

Во 2018 година, до Агенцијата за пошти поднесени се вкупно 34 претставки. 26 од нив се од физички лица, 6 од правни субјекти, 1 е анонимна и 1 е од група граѓани. 19 претставки се поднесени писмено на адреса на Агенцијата, 14 преку електронска пошта на е-маил адресата info@ap.mk, а една е поднесена усно со записник.

Без разлика на формата која што ја одбираат корисниците за да ги достават своите претставки, Агенцијата ги прифаќа и писмените и електронските претставки.

Шест од претставките се пратени од Државниот пазарен инспекторат (ДПИ) на надлежност на Агенцијата за пошти, по кои е постапено во препорачаниот рок.

Исто така, соработката со Народниот правобранител е едно заедничко искуство кое е иницирано од претставка од корисник на поштенските услуги, по што Агенцијата постапи по барањето и одржа два работни состаноци со претставници од канцеларијата на Народниот правобранител.

Постапувањето по предлози и претставки опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување, испитување, анализирање и евидентирање на појавите и причините за нивно поднесување како и преземање на потребни дејствија и мерки за остварување на правата на подносителите или повреда на јавниот интерес утврден со законот.

Во продолжение е прикажано илустративно во проценти, поднесувањето на претставките врз основа на тоа за кој давател се однесува претставката.




Вредно е да се истакне дека не секоја поднесена претставка е основана. Во таа насока Агенцијата ги информира подносителите како законски да ги искористат своите права.

# 4. СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во рамки на своите надлежности за изготвување анализи и извештаи, Агенцијата за пошти во 2018 година изготви Статистички извештај за поштенските активности во Република Македонија во 2017 година.[3] Статистичкиот извештај дава податоци за бројот на давателите на поштенските услуги, за вкупниот остварен обем на поштенски услуги, за бројот на рекламации по поштенски пратки, за развојот на мрежата за достава на поштенски пратки, преглед посебно за давателот на универзалната услуга и посебно за давателите на слободниот пазар. Статистичкиот извештај со своите анализи и податоци дава показатели за развојот на конкуренцијата на пазарот, за развојот на давателот на универзалната услуга, а воедно треба да послужи за самите даватели на поштенските услуги да имаат увид во состојбите и трендовите на пазарот, како и на другите институции и поединци кои се занимаваат со поштенската дејност.

Во 2018 година вкупно 38 даватели на поштенски услуги работеле на пазарот, од кои 7 даватели на поштенски услуги обезбедуваат поштенски пратки во меѓународен сообраќај.

Бројот на вработени лица во поштенскиот сектор во 2018 година изнесува 2971 вработено лице и тоа кај давателот на универзална услуга 2141, а кај останатите даватели на поштенски услуги 830 вработени. Забележително е дека бројот на вработени лица во поштенскиот сектор се намалува во однос на 2017 за 3%.

Бројот на вработени во Македонска пошта во 2018 година е намален во однос на претходната година за 4,6 %, додека бројот на вработени кај останатите даватели на поштенски услуги е намален за 0,7 %.

*Бројот на вработените во поштенскиот сектор изнесува вкупно 0.38 % од вкупниот број на вработени лица во Република Македонија во 2018 година.*

| *Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор* | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| ***А.Д. Македонска пошта*** | 2,306 | 2,265 | 2,343 | 2,244 | 2,141 |
| ***Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар*** | 534 | 495 | 711 | 836 | 830 |

[3] Статистички извештај за 2017 година: http://www.ap.mk/ap.mk/info/izvestai/467-2017-2

Обемот на поштенскиот пазар во Република Македонија во 2018 година изнесувал 39,733,972 милиони поштенски пратки податок кој сметајќи на ниво на вкупниот пазар изнесува намалување од 2,1 % во споредба со 2017 година. Има значително намалување на обемот кај давателот на универзална услуга и тоа за 7 %, додека обемот кај давателите на слободниот пазар бележи зголемување од 70 %. Ценејќи дека согласно законската регулативна рамка отворање на пазарот требаше да отпочне од 1 јануари 2019 година, се цени дека давателите на слободниот поштенски пазар во изминатиот период развиле бизнис стратегија за развој и во делот на пратките за коресподенција.

*Вкупен обем на поштенскиот пазар 2014/2018 година*

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Македонска пошта*** | 46,843,550 | 44,700,920 | 42,627,144 | 38,061,355 | 35,374,685 |
| ***Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар*** | 3,063,236 | 2,438,407 | 2,571,484 | 2,533,241 | 4,359,287 |
| ***Вкупен обем*** | ***49,906,786*** | ***47,139,327*** | ***45,188,628*** | ***40,594,596*** | ***39,733,972*** |

*Вкупен обем -Македонска пошта (2014/2018 година)*



Од вкупниот обем Македонска пошта во рамки на универзалната услуга отпаѓаат 35,110,493 пратки односно 99 % од остварениот обем.

***Македонска пошта има ексклузивно право да обезбедува пратки за кореспонденција во внатрешниот поштенски сообраќај и пратки за кореспонденција кои пристигнуваат во Република Северна Македонија од меѓународен поштенски сообраќај, со тежина до 50 грама до 31.12.2019. Во резервирани поштенски услуга спаѓа и директната пошта во рамките на истото ограничување за тежина.***

Од вкупно остварениот обем во Македонска пошта во 2018 година, најголем процент односно 94 % заземаат услуги остварени од обезбедување на пратките за кореcподенција, а 83% од нив се обезбедени обични писма.

*Обем на пратки за кореcподенција – Македонска пошта 2014-2018*

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен обем на пратки за кореcподенција** | 44,373,114 | 42,497,406 | 39,905,018 | 35,895,950 | 33,357,187 |

Обем на ***пратки за кореcподенција*** кои ги обезбедува Македонска пошта наназад неколку години постојано опаѓа, а во однос на 2017 година тоа намалување изнесува 7%.

*Анализа на писма – Македонска пошта 2018 година*



Македонска пошта остварениот обем на поштенските услуги најмногу го генерира од обезбедување на услугите во внатрешен поштенски сообраќај и тоа значителни 87 % се услуги од внатрешен поштенски сообраќај. Во внатрешниот поштенски сообраќај обезбедувањето на пратките за кореcподенција е повеќе од 95,6%, додека за обезбедувањето на останатите услуги отпаѓа околу 4%.

Трендот на опаѓање на услугата пакети кај давателот на универзална услуга е повторен и во 2018 год и тоа за значителни 20% што претставува и загрижувачки податок посебно ако се има во предвид дека оваа услуга е во рамки на универзалната услуга.

*Број на пакети – Македонска пошта 2014 -2018 год.*

| Македонска пошта | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | **2018 година** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пакети*** | *116.012* | *109.300* | *112.229* | *110.488* | 88.481 |

*Обем на поштенски услуги кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар -(2014/2018)*



Во 2018 година се бележи зголемување на обемот на пратките за коресподенција кај давателите на слободниот пазар.

*Обезбедување на услугата -пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар - 2014/2018 година*

| | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пакети** | 966,183 | 1,214,329 | 968,383 | 1,170,554 | 1,263,340 |

Трендот на зголемување на обемот на пакети кај давателите на поштенските услуги на слободниот пазар продолжува и во 2018 и бележи 8 % зголемување во однос на 2017 година.

*Обезбедување на услугата -пакети кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар - 2014/2018 година*



Во 2018 година бројот на пратки по глава на жител изнесува 19,6.

Остварени поштенски пратки во Република Македонија *по глава на жител 2014 - 2018 година*

| | 2014 год. | 2015 год. | 2016 год. | 2017 год. | 2018 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на пратки по глава на жител** | 24,1 | 22,7 | 21,8 | 19,6 | 19,6 |

Доставата на поштенските пратки се врши преку пошторазнесувачи и преку поштенски фахови, лоцирани во поголемите поштенски единици во населените места во Република Македонија. Доставата на поштенските пратки се обезбедува преку 531 пошторазнесувачи и 220 договорни поштари на 846 доставни реони кои ја покриваат цела територија на Република Македонија од кои 40% се во урбано подрачје а 60% во рурално подрачје. Испораката на поштенски пратки се врши преку 6539 поштенски фахови.

*Точки за пристап за обезбедување на поштенски пратки – Македонска пошта 2017/2018 година*

| Точки за пристап | 2017 година | 2018 |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 334 | 333 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 374 |
| 3. Поштенски фахови | 6539 | 6539 |
| Вкупно | 7247 | 7247 |

***Загрижувачки податок е дека бројот на пошторазнесувачи од година во година се намалува податок кој директно влијае на квалитетот на обезбедување на универзалната услуга.***

*Точки за пристап за обезбедување на поштенски пратки – даватели на поштенски услуги на слободниот пазар 2017/2018 година*

| Точки за пристап | 2017 година | 2018 година |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 126 | 136 |
| 2. Број на вработени ангажирани во обезбедување на услугите | 836 | 830 |
| 3. Број на "call" центри | 58 | 58 |
| 4. Број на возила за обезбедување на услугите | 371 | 425 |

Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2018 година во однос на 2017 година е намален за 10 %.

***Процент на вкупните остварени приходи од поштенскиот сектор во однос на вкупните приходи во Република Македонија изнесува 0.3 % во однос на вкупниот остварен БДП во 2018 година*** **(приходи од поштенски услуги 1,748080537 денари, а вкупно во Република Македонија *616837 милиони денари).***

*Движење на приходите кај давателите на поштенските услуги 2014/2018 година (изразено во денари)*



Давателите на поштенските услуги на слободниот поштенски пазар имаат значителен пораст на приходите во однос на 2017 година и тоа за забележителни 15 %,

*Движење на приходите кај даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар – 2014/2018 година*




Во 2018 година најмногу рекламации има поднесено по основ на изгубени поштенски пратки.

*Соодност на број на рекламации кај Македонска пошта и кај давателите на поштенските услуги на слободниот пазар во 2018 година*



*Вкупен број на рекламации кај Македонска пошта во 2018 година*



# 5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 5.1 Јавно и транспарентно работење

Во насока на јавно и транспарентно работење, Комисијата на Агенцијата за пошти го одржа Тринаесеттиот јавен состанок на 20.12.2018 година во хотел Holiday Inn. Свое излагање имаше директорот на Агенцијата за пошти г-дин Влатко Атанасоски. На состанокот се даде преглед на активностите на Агенцијата за пошти за 2018 година и идните планови и активности, како и осврт на моменталната состојба на пазарот на поштенски услуги, со податоци за работењето на поштенските оператори во годината што изминува.

Јавната седница беше од отворен тип и сите заинтересирани субјекти имаа можност да учествуваат со свои сугестии и забелешки.

## 5.2 Меѓународна соработка на Агенцијата за пошти

Во услови на големи предизвици во регулацијата на пазарот на поштенски услуги, улогата на меѓународната соработка претставува од особено значење. Предизвиците пред сè, се однесуваат во делот на либерализација на пазарот на поштенски услуги, опфатот на обврските од универзалната услуга, обезбедување на оддржлив развој на универзалната услуга и подобрување на доставата на поштенски пратки во делот на пакетите како сегмент од особено значење како еден од клучните елементи за понатамошен развој на електронската трговија на национално, регионално и светско ниво.

Меѓународната соработка на Агенцијата за пошти во 2018 година се одвиваше во повеќе насоки и тоа:

- Соработка со меѓународни организации од областа на поштенските регулации како што се: Европската комисија (ЕС), Светскиот поштенски сојуз (UPU), Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и други меѓународни организации,
- Развивање на билатерални односи со други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги,
- Учества на меѓународни настани од областа на поштенските регулации.

Целите на меѓународни активности на Агенцијата за пошти во 2018 година беа:

- Стекнување на знаења, искуства и најдобрите практики во областа на поштенските регулации и нивна примена во надоградување на поштенската регулатива на пазарот на поштенски услуги,
- Развивање на билатерални односи со други национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги,
- Реализација на меѓународни проекти од областа на поштенската регулација на пазарот на поштенски услуги,

- Следење на новите трендови во поштенските услуги и регулација на пазарот на регионално, европско и глобално ниво.

### 5.2.1 Меѓународни проекти за техничка соработка

На Повикот за аплицирање за средства преку Механизмот за поддршка на европските интеграции од Владата на Република Македонија, Агенцијата за пошти на крајот на септември 2016 до Секретаријат за европски прашања година поднесе апликација за проект, финансиран од ИПА.

Апликацијата се однесуваше за проект со наслов „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти“, чија основна цел е зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти во областа на креирање на процедури и стратешки документи, одредување на адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзалната услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и знаења поврзани со политика на цени и зајакнување на надзорната улога на Агенцијата.

Генералната цел е јакнење на капацитетите на Агенцијата во согласност со барањата кои произлегуваат од домашното законодавство, како и од Поштенската директива на ЕУ. Понатаму, проектот има за цел да придонесе за подобар квалитет на поштенските услуги кои ги обезбедуваат поштенските оператори, како и да биде основа за Министерството за транспорт и врски при подготвување и усвојување на нова Стратегија за развој на поштенскиот сектор.

Очекувани резултати од проектот се: подобрување на капацитетите на Агенцијата за пошти, воспоставени процедури и направени стратешки документи, воспоставен адекватен систем за посебно сметководство и алокација на трошоци на давателот на универзалната услуга, како и модел за пресметка на нето трошоците на универзалната услуга и модел за регулација на цените на универзалната услуга, зајакнат инспекциски надзор на Агенцијата за пошти, воспоставување на критериуми и законски одредби за стандардизирани приватни поштенски сандачиња според стандардот EN 13724, како и подобрени капацитети за специфични анализи на пазарот.

Твининг проектот е одобрен на почетокот на 2017 година со гранд од 600 илјади евра, што коренсподира со карактерот на истиот и сериозно поставените цели, а Агенцијата работеше на изработка на проектното фише во втората половина на 2017 година.

Твининг проектот започна во декември 2018 година, а истиот ќе биде со времетраење од 18 месеци, со Твининг партнер од Министерството за јавни работи и транспорт – Оддел за поштенска регулација од Шпанија. Во рамките на проектот, во Агенцијата за пошти ќе присуствува еден постојан твининг советник за целото времетраење на проектот, како и експерти одговорни за секоја од петте компоненти од истиот. Понатаму, проектот вклучува и краткотрајни експерти кои ќе се повикуваат во зависност од потребите на компонентите од проектот.

### 5.2.2 Европски комитет на поштенска регулација (CERP)

Европската конференција на поштенски и телекомуникациски администрации (CEPT) формирана е во 1959 година, додека Европскиот комитет за поштенски регулации (CERP) како независен работен комитет во рамките на CEPT формирана е во 1992 година. Република Македонија од 1995 година е редовна членка на CERP. Во моментов во рамките на CERP членуваат 48 земји од Европа.

Основната улога на CERP е да ги проучува поштенските регулативи од европски контекст земајќи ги во предвид националните специфичности од регулаторен и оперативен аспект, преку воспоставување на редовна соработка со Европската унија и преку одржување на односи со соодветни асоцијации во делот на регулаторните прашања. Агенцијата за пошти од нејзиното формирање во 2008 година активно учествува во работењето на CERP и во нејзините работни групи Поштенска политика и Прашања од доменот на UPU.

Претставник од Агенцијата за пошти учествуваше на состаноците на работните групи за Политики и Светски поштенски сојуз на CERP, кои се одржаа на 23 и 24 мај 2018 во Белград.

### 5.2.3 Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и Европска Комисија

Агенцијата за пошти во рамките на своите можности во текот на 2018 година учествуваше во активностите на Европската комисија преку учества во работните групи на Европската група на поштенски регулатори (ERGP). Целите на ERGP е преку донесување на заклучоци, дискусии и извештаи да се советува и помогне Комисијата во зајакнување на услугите, регулаторната рамка на интерниот пазар на поштенски услуги и други фази на своето делување.

Активностите на Европската група на регулатори за поштенски услуги во текот на 2018 год. се одвиваа во согласност со годишната програма за работа на ERGP во која беа идентификувани следните работни групи:

- Регулаторно сметководство и регулација на цени,
- Конкуренција и регулација на пристап,
- Задоволство на крајните корисници и следење на пазарните резултати,
- Прекугранична достава на пакети за целите на електронската трговија.

Агенцијата за пошти во активностите на работните групи на европската група на поштенски регулатори учествуваше во својство на набљудувач. Ова својство произлегува од статусот на Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во Европската Унија.

Во таа насока, во ноември 2018 година претставници од Агенцијата учествуваа на пленарниот состанок на Европската група на поштенски регулатори, како и на Работилницата за учесници во поштенскиот сектор, кои се одржаа на 28 и 29.11.2018 година во Белград.

Понатаму, претставник од Агенцијата за пошти учествуваше на Тринаесеттиот Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Република Македонија и Европската Унија во рамките

на Комитетот за стабилизација и асоцијација, а на кој беше опфатено и Поглавјето 3.03.3 Право на основање и слобода на давање услуги во чии рамки потпаѓаат и поштенските услуги. Поткомитетот се одржа на 30 мај 2018 година во Брисел, каде се презентираа активностите преземени од последниот Поткомитет, како и активности преземени по прашања кои беа посочени од страна на Европската Комисија во последниот извештај за напредокот на Република Македонија во процесот на приближување кон Европската Унија. Како главен осврт за областа поштенски услуги беше во врска со претстојната либерализација на пазарот и активностите кои се преземаат за нејзино целосно спроведување. Воедно, на Поткомитетот беа опфатени и прашања за независноста на регулаторното тело.

Во рамки на претстојните преговори за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија во декември 2018 година во Брисел се организираше Подготвителен состанок за Поглавјето 3.03.3 Право на основање и слобода на давање услуги во чии рамки потпаѓаат и поштенските услуги. На сосатнокот, од страна на претставници на Европската Комисија беа презентирани Директивите за поштенски услуги, како и новата регулатива за прекугранична достава на пакети која е донесена од страна на Европскиот Парламент и Советот на Европската Унија на 18 април 2018 година.

### 5.2.4 Светски поштенски сојуз (UPU)

Светскиот поштенски сојуз претставува меѓународна организација во рамките на Обединетите организации која на своите 192 земји членки ги штити интересите и ги координира активностите поврзани со поштенските услуги на ниво на поштенски субјекти. Воедно, Светскиот поштенски сојуз има улога во креирање на стратегии и политики за одржлив развој на пазарот на поштенските услуги на меѓународно ниво како одговор на глобалните предизвици кои се јавуваат како резултат на промените на пазарот на комуникации и развојот на новите технологии. Во рамките на Светскиот поштенски сојуз воедно членуваат и други меѓународни организации од областа на поштенскиот сообраќај со посебен статус на членство.

Во Светскиот поштенски сојуз Република Северна Македонија како поштенски субјект членува од 1993 год. претставена од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за пошти како национален регулатор од областа на поштенските услуги и Македонска пошта како назначен давател на универзална услуга.

Во рамките на Светскиот поштенски сојуз Агенцијата за пошти учествува во работењето на Административниот совет како постојаното тело на сојузот. Административниот сојуз како едно од работните тела на Светскиот поштенски сојуз е составен од 41 земја членка кои се состануваат два пати годишно. На работните состаноци учествуваат земјите членки на Административниот совет, како и останатите земји членки на Светскиот поштенски сојуз и останати меѓународни организации од областа на поштенските услуги, без право на гласање.

Од таа причина, во октомври 2018, претставници на Агенцијата учествуваа на сесијата на Административниот Совет на Светскиот поштенски сојуз; на пленарната седница, на состаноците на неговите комитети и на конференцијата за поштенска регулација, кои се одржаа во Берн, Швајцарија, од 22-26.10.2018 година.

### 5.2.5 Други меѓународни активности

Во октомври 2018 година претставници на Агенцијата за пошти присуствуваа, односно го посетија POST – EXPO 2018, меѓународна поштенска конференција и саем, кој се одржа во Хамбург, Германија од 08 до 11 октомври 2018 година. На настанот се одржаа демонстрации во живо на најновите решенија на пазарот, како и  конференциски сесии на кои поштенските оператори ги споделуваа своите искуства. На саемот се претставија изложувачи од околу 50 земји меѓу кои  Велика Британија, Словенија, Белгија, Португалија, Германија, Франција, Сингапур, САД, Австралија, Австрија, Турција, Канада, Кина, Кореја, Индија и Италија. Тие од прва рака ги претставија најновите случувања во сортирање, автоматизација, последна испорака, дигитални решенија, еколошки возила и некои помали технологии.

Во декември 2018 година, претставници од Агенцијата присуствуваа на 36-тиот Симпозиум за нови технологии во поштенскиот и телекомуникацискиот сообраќај PosTel 2018, кој се одржа на 04 и 05.12.2018 во Белград. На симпозиумот се презентираа најновите решенија во поштенската и телекомуникациската област, предлог методологија за дефинирање на релевантни параметри за квалитет на поштенските услуги, примери за оптимизација на поштенските сандачиња, како и искуства на јавните оператори на поштенскиот пазар за предизвиците со кои се соочуваат и предлог решенија.

# 6 ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Со цел јакнење на институционалниот капацитет на Агенцијата за пошти, во текот на 2018 година вработените во Агенцијата учествуваа на вкупно 11 генерички и специјализирани обуки, работилници, семинари.

Се реализираа 2 генерички обуки, финансирани од средства на Агенцијата, на следните теми:

- Практични примери и совети за пополнување на годишните планови за вработување и практично пополнување на регистарот на вработени во јавен сектор – ХРМИС,
- Системот за управување со ефектот на административните службеници, пополнување на работните места и инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за вработените во јавниот сектор и над постапката за оценување на административните службеници.

Покрај генеричките обуки, вработените од Агенција за пошти земаа учество и во специјализирани обуки, разни семинари, советувања, работилници или други тематски расправи, на кои се третираат прашања од области за кои или во кои Агенцијата има надлежности или овластувања.

Се реализираа 4 специјализирани обуки, финансирани од средства на Агенција за пошти, на следниве теми:

- Најчести грешки и пропусти во канцелариското и архивското работење и новините што се претстојат во оваа област,
- Програма за еднодневно континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители број 4/2018-8 часа,
- Програма за еднодневно континуирано професионално усовршување на сметководители и овластени сметководители број 4/2018-8 часа, и
- Актуелни прашања и проблеми во управните спорови и парничната постапка.

Исто така, 2 советувања, финансирани од средства на Агенцијата за пошти, на следните теми:

- годишна сметка и финансиски извештаи за 2017 година и
- КПУ – Годишна сметка 2017 година.

Вработените во Агенцијата посетуваа и два семинари, со извор на финансирање на Агенција за пошти, на следните теми:

- Modern Marketing, PR, and Brand Tactics и
- 79-та Средба на правниците,

како и една Работилница на тема „Рамковни спогодби vs класични договори: зошто кога и како се применуваат“.

# 7 ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА НА КОМПЕНЗАЦИСКИОТ ФОНД ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНАТА УСЛУГА

Согласно Законот за поштенските услуги давателот на универзалната услуга има право на надоместок на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга доколку докаже дека трошоците се повисоки од приходот остварен од обезбедување на универзалната услуга во претходната година. За остварување на правото за надоместок на нето трошоците давателот на универзална услуга до Агенцијата поднесува барање со пресметка на нето трошоците направени со исполнување на обврската за обезбедување на универзалната услуга, поткрепена со финансиски извештај и сметководствени информации базирани на ревидиран годишен извештај за претходната година, не подоцна од 31 март во тековната година. Агенцијата за пошти формира компензациски фонд со отворање на посебна жиро сметка, кој се состои од средства кои се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги кои остваруваат минимум бруто приход утврден од Агенцијата (задолжени даватели).

Воспоставувањето и функционирањето на компензацискиот фонд, како фонд од кој би се финансирала универзалната услуга под услови и на начин утврдени со Законот за поштенските услуги, е поврзано и со воведување систем на посебно сметководството и алокација на трошоците и приходите кај давателот на универзалната поштенска услуга – АД Македонска пошта во државна сопственост.

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2018 година АД Македонска пошта во државна сопственост, како давател на универзална услуга, нема поднесено барање за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема воспоставено систем на посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, не се исполнети основните претпоставки за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

И покрај тоа, Агенцијата за пошти Скопје донесе Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели, со која се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги, потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање во компензацискиот фонд и донесе Методологија за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување, со која се утврдува структурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот за обезбедување на универзалната услуга.

# 8 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Агенцијата за пошти, согласно член 23 од Законот за поштенските услуги, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање на Агенцијата како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2018 година се финансираше исклучиво од надоместоците од давателите на поштенски услуги согласно член 23 од Законот за поштенските услуги.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

Од презентираните финансиски извештаи за 2018 година се гледа коректното работење на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.

Финансиското работење се темели на потребите и мисијата на Агенцијата за пошти кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за поштенските услуги.

Во прилог ги презентираме следните извештаи:

- Финансиски извештај за 2018 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план за 2018 година;
- Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2018 и 2017 година;
- Образложение за Финансискиот извештај за 2018 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2018 година и Споредбените показатели на реализирани приходи и расходи за 2018 и 2017 година;
- Биланс на состојба за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година;
- Биланс на приходите и расходите за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година;
- Даночен биланс за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година;
- Посебни податоци за државна евиденција за непрофитните организации (Образец ДЕ);
- Структура на приходите по дејности (СПД - Рекапитулар);
- Финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2018 со извештај на независниот ревизор

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ (денари) 2018 |
|---|---|---|
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **4,256.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **4,251.00** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 123.00 |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 4,128.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5.00 |
| **75** | **Сопствени приходи** | **23,565,953.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **23,565,953.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 23,565,953.00 |
| **76** | **Други приходи** | **2,056.00** |
| **760** | **Други приходи** | **2,056.00** |
| 7600 | Други приходи | 2,056.00 |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **1,630,183.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **1,630,183.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 1,630,183.00 |
| **7** | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **25,202,448.00** |

### 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ (денари) 2018 |
|---|---|---|
| **40** | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **1,157,160.00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **236,169.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 51,201.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 34,973.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 17,775.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 7,117.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 23,034.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 13,360.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 0.00 |
| 40013 | Стручна литература | 43,014.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 45,695.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **354,645.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 252,577.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 40102 | Електрична енергија | 102,068.00 |
| **403** | **Други услуги** | **282,727.00** |
| 40301 | Пошта | 19,202.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 9,726.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 71,249.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 13,978.00 |
| 40307 | Службен весник | 15,500.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 28,570.00 |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 107,521.00 |
| 40310 | Поправка и сервис на опрема | 16,981.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **10,000.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 10,000.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **246,844.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 246,844.00 |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 0.00 |
| **408** | **Наемнини** | **26,775.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 5,000.00 |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 21,775.00 |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **6,186,327.00** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **44,572.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 33,790.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,782.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **30,673.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,055,801.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **732,182.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **3,744.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **4,204,832.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 7,904.00 |
| 41790 | Други услуги (превод, фотограф, монтажа и сл.) | 117,110.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 1,227.00 |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 0.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - претходна година | 0.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,285,990.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 4,000.00 |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 80,210.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 115,050.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 7,780.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 0.00 |
| 41733 | Мерење на квалитет на поштенски услуги | 1,156,399.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 67,157.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 362,005.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **114,523.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди и сл.) | 114,493.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 30.00 |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **317,613.00** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **0.00** |
| **441** | **Средства за опрема** | **317,613.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 0.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 266,700.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 24,803.00 |
| 4410 | Средства за останата опрема | 26,110.00 |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **13,909,068.00** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **13,909,068.00** |
| 4600 | Основни плати | 9,282,869.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 4,626,199.00 |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **357,164.00** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **357,164.00** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 254,000.00 |
| 47002 | Персонален данок - Надомест за Комисија - претходна година | 0.00 |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 8,911.00 |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 445.00 |
| 47006 | Персонален данок - Други исплати | 93,808.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **21,927,332.00** |
| | **останати расположливи средства** | **3,275,116.00** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2018 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2018 | Реализиран износ (денари) 2018 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=4/3*100 |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **1,500,000.00** | **4,256.00** | **0.28%** |
| **720** | **Приходи од камати** | **1,495,000.00** | **4,251.00** | **0.28%** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 5,000.00 | 123.00 | 2.46% |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 1,490,000.00 | 4,128.00 | 0.28% |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** | **5.00** | **0.10%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 5.00 | 0.10% |
| **75** | **Сопствени приходи** | **23,700,000.00** | **23,565,953.00** | **99.43%** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **23,700,000.00** | **23,565,953.00** | **99.43%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 23,700,000.00 | 23,565,953.00 | 99.43% |
| **76** | **Други приходи** | **3,100,000.00** | **2,056.00** | **0.07%** |
| **760** | **Други приходи** | **3,100,000.00** | **2,056.00** | **0.07%** |
| 7600 | Други приходи | 3,100,000.00 | 2,056.00 | 0.07% |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **1,200,000.00** | **1,630,183.00** | **135.85%** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **1,200,000.00** | **1,630,183.00** | **135.85%** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 1,200,000.00 | 1,630,183.00 | 135.85% |
| **7** | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **29,500,000.00** | **25,202,448.00** | **85.43%** |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ (денари) 2018 | Реализиран износ (денари) 2018 | Споредбен показател на реализиран со планиран износ |
|---|---|---|---|---|
| **40** | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **3,203,000.00** | **1,157,160.00** | **36.13%** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **485,000.00** | **236,169.00** | **48.69%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 140,000.00 | 51,201.00 | 36.57% |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 105,000.00 | 34,973.00 | 33.31% |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 | 17,775.00 | 59.25% |
| 40004 | Други потрошени материјали | 50,000.00 | 7,117.00 | 14.23% |
| 40010 | Потрошена вода | 35,000.00 | 23,034.00 | 65.81% |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 15,000.00 | 13,360.00 | 89.07% |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40013 | Стручна литература | 50,000.00 | 43,014.00 | 86.03% |
| 40021 | Ситен инвентар | 50,000.00 | 45,695.00 | 91.39% |
| **401** | **Потрошена енергија** | **465,000.00** | **354,645.00** | **76.27%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 260,000.00 | 252,577.00 | 97.15% |
| 40102 | Електрична енергија | 205,000.00 | 102,068.00 | 49.79% |
| **403** | **Други услуги** | **888,000.00** | **282,727.00** | **31.84%** |
| 40301 | Пошта | 70,000.00 | 19,202.00 | 27.43% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 15,000.00 | 9,726.00 | 64.84% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 120,000.00 | 71,249.00 | 59.37% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 183,000.00 | 13,978.00 | 7.64% |
| 40307 | Службен весник | 40,000.00 | 15,500.00 | 38.75% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 30,000.00 | 28,570.00 | 95.23% |
| 40313 | Други услуги (чистење, изнајмување и сл.) | 240,000.00 | 107,521.00 | 44.80% |
| 40310 | Поправка и сервис на опрема | 190,000.00 | 16,981.00 | 8.94% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **35,000.00** | **10,000.00** | **28.57%** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 35,000.00 | 10,000.00 | 28.57% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **1,087,000.00** | **246,844.00** | **22.71%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 362,000.00 | 246,844.00 | 68.19% |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 725,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| **408** | **Наемнини** | **243,000.00** | **26,775.00** | **11.02%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 220,000.00 | 5,000.00 | 2.27% |
| 40802 | Наемнини за рекламен простор | 23,000.00 | 21,775.00 | 94.67% |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **8,780,000.00** | **6,186,327.00** | **70.46%** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **59,000.00** | **44,572.00** | **75.55%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 48,000.00 | 33,790.00 | 70.40% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 11,000.00 | 10,782.00 | 98.02% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **60,000.00** | **30,673.00** | **51.12%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,300,000.00** | **1,055,801.00** | **81.22%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на** | **1,000,000.00** | **732,182.00** | **73.22%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **работници** | | | |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **5,000.00** | **3,744.00** | **74.88%** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6,232,000.00** | **4,204,832.00** | **67.47%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 10,000.00 | 7,904.00 | 79.04% |
| 41790 | Други услуги (превод, фотограф, монтажа и сл.) | 170,000.00 | 117,110.00 | 68.89% |
| 41791 | Други услуги - превод | 362,000.00 | 1,227.00 | 0.34% |
| 41709 | Други услуги - систематски преглед | 35,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 2,295,000.00 | 2,285,990.00 | 99.61% |
| 41712 | Надомест по договор | 70,000.00 | 4,000.00 | 5.71% |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 150,000.00 | 80,210.00 | 53.47% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 180,000.00 | 115,050.00 | 63.92% |
| 41722 | Консултантски услуги | 718,000.00 | 7,780.00 | 1.08% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 362,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41733 | Мерење на квалитет на поштенски услуги | 1,180,000.00 | 1,156,399.00 | 98.00% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 330,000.00 | 67,157.00 | 20.35% |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 370,000.00 | 362,005.00 | 97.84% |
| **418** | **Останати други расходи** | **124,000.00** | **114,523.00** | **92.36%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди и сл.) | 115,000.00 | 114,493.00 | 99.56% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 6,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 3,000.00 | 30.00 | 1.00% |
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **939,000.00** | **317,613.00** | **33.82%** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **220,000.00** | **0.00** | **0.00%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **719,000.00** | **317,613.00** | **44.17%** |
| 4410 | Средства за мебел | 36,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 325,000.00 | 266,700.00 | 82.06% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 322,000.00 | 24,803.00 | 7.70% |
| 4410 | Средства за останата опрема | 36,000.00 | 26,110.00 | 72.53% |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **16,127,000.00** | **13,909,068.00** | **86.25%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **16,127,000.00** | **13,909,068.00** | **86.25%** |
| 4600 | Основни плати | 10,776,000.00 | 9,282,869.00 | 86.14% |
| 4600 | Придонеси од плати | 5,351,000.00 | 4,626,199.00 | 86.45% |
| **47** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ** | **451,000.00** | **357,164.00** | **79.19%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **451,000.00** | **357,164.00** | **79.19%** |
| 47001 | Персонален данок - Надомест за Комисија - тековна година | 255,000.00 | 254,000.00 | 99.61% |
| 47003 | Персонален данок - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 17,000.00 | 8,911.00 | 52.42% |
| 47004 | Персонален данок - Договор | 8,000.00 | 445.00 | 5.56% |
| 47006 | Персонален данок - други исплати | 171,000.00 | 93,808.00 | 54.86% |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **29,500,000.00** | **21,927,332.00** | **74.33%** |
| | **останати расположливи средства** | **0.00** | **3,275,116.00** | |

## Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2018 и 2017 година

### 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2018 | Реализиран износ 2017 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3/4*100 |
| 71 | Приходи од продажба на производи, стоки и услуги | | 22,394,444.00 | |
| 715 | Приходи од услуги - годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | | 22,394,444.00 | |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 4,256.00 | 23,887.00 | 17.82% |
| 720 | Приходи од камати | 4,251.00 | 23,887.00 | 17.80% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5.00 | 0.00 | |
| 75 | Сопствени приходи | 23,565,953.00 | | |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 23,565,953.00 | | |
| 76 | Други приходи | 2,056.00 | 1,169.00 | 175.88% |
| 760 | Други приходи | 2,056.00 | 1,169.00 | 175.88% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 1,630,183.00 | 1,703,205.00 | 95.71% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 1,630,183.00 | 1,703,205.00 | 95.71% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 25,202,448.00 | 24,122,705.00 | 104.48% |

### 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2018 | Реализиран износ 2017 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 1,157,160.00 | 800,240.00 | 144.60% |
| 400 | Потрошени материјали | 236,169.00 | 159,396.00 | 148.16% |
| 401 | Потрошена енергија | 354,645.00 | 313,414.00 | 113.16% |
| 403 | Други услуги | 282,727.00 | 228,082.00 | 123.96% |
| 404 | Превозни - транспортни услуги | 10,000.00 | 0.00 | |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 246,844.00 | 77,539.00 | 318.35% |
| 408 | Наемнини | 26,775.00 | 21,809.00 | 122.77% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 6,186,327.00 | 7,880,088.00 | 78.51% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 410 | Провизија за платен промет | 44,572.00 | 33,726.00 | 132.16% |
| 412 | Премии за осигурување | 30,673.00 | 26,998.00 | 113.61% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1,055,801.00 | 171,949.00 | 614.02% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 732,182.00 | 711,534.00 | 102.90% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 3,744.00 | 116.00 | 3227.59% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 4,204,832.00 | 6,848,859.00 | 61.39% |
| 418 | Останати други расходи | 114,523.00 | 86,906.00 | 131.78% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 317,613.00 | 0.00 | |
| 440 | Средства за градежни објекти-уредување и адаптација | 0.00 | 0.00 | 0.00% |
| 441 | Средства за опрема | 317,613.00 | 0.00 | |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 13,909,068.00 | 13,140,102.00 | 105.85% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 13,909,068.00 | 13,140,102.00 | 105.85% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 357,164.00 | 282,894.00 | 126.25% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 357,164.00 | 282,894.00 | 126.25% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 21,927,332.00 | 22,103,324.00 | 99.20% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 3,275,116.00 | 2,019,381.00 |

Во врска со Финансискиот извештај за 2018 година, Извештајот за извршување на Финансискиот план за 2018 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2018 и 2017 година на Агенцијата за пошти, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ за приходните и расходните ставки одделно:

## 1. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Агенцијата за пошти во 2018 година реализираше приходи во вкупен износ од 25.202.448 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 85,4% и поголема реализација во однос на 2017 година за 4,5%. Одделно по ставки се реализирани следниве приходи:

- На контото **715 - Приходи од услуги – годишен надоместок од давателите на поштенски услуги** нема реализација во 2018 година. Ова од причина што во 2017 година е извршена измена на „Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок" со кој се уредуваше дека „Вредноста на поенот се пресметува на начин што износот на контото 715 – приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги од Финансискиот план на Агенцијата се дели со вкупниот број на поени на поштенскиот пазар во Република Македонија". Со измената на Правилникот контото 715 е заменето со контото 750 – Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги, при што и во сметководствената евиденција на Агенцијата е заменето контото на кое се планираат и на кое се евидентираат приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги. Оттука, реализацијата на приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги во 2018 е евидентирана на контото 750.
- **Приходите од камати и позитивни курсни разлики (конто 720 и 721)** се реализирани во износ од 4.256 денари (0,3% од планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година и 82,2% помалку од реализираниот износ во 2017 година). Оваа ставка опфаќа приходи од камата од средствата на банкарската сметка на Агенцијата, приходи од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги и приходи од позитивни курсни разлики при девизното работење на Агенцијата. Малата реализација на оваа расходна ставка во однос на планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година е резултат на ненаплатените побарувања по основ на камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги, додека помалиот реализиран износ во однос на 2017 година е резултат на помалата реализација на приходите од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги.
- **Контото 750 – Сопствени приходи – приходи од годишен надомест од давателите на поштенски услуги** е реализирано во износ од 23.565.953 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година од 99,4%. Оваа приходна ставка вклучува Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за тековната година во износ од 23.465.088 денари и Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за претходните години во износ од 100.865 денари. Во однос на реализацијата на приходите од надоместоци од давателите на поштенски услуги во 2017 (евидентирани на конто 715), реализацијата во 2018 година е поголема за 5,2% или 1.171.509 денари. Поради ова, како и поради фактот што во 2017 година Агенцијата за пошти првиот прилив по основ на надоместоци од давателите на поштенски услуги, како главен извор на финансирање, го реализираше во месец Април, а наплатата на најголем дел од надоместоците се реализираше во месец Ноември кога и беше одобрена Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2017 година од страна на Собранието на Република Македонија, Агенцијата не беше во можност да ги реализира

предвидените активности за 2017 година што резултира и со поголема реализација на приходите и расходите во 2018 година во однос на 2017 година.

- **Другите приходи - конто 760** се со реализација од 2.056 денари, (0,1% од планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година и 887 денари или 75,9% повеќе од реализираниот износ во 2017 година). Оваа ставка опфаќа приходи од вработените од агенцијата кои го пречекориле лимитот за користење на службен мобилен телефон и пречекорениот износ го уплатиле на сметка на Агенцијата. Малата реализација на оваа расходна ставка во однос на планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година е поради фактот што во 2018 година не се реализираше ниту едно службено патување на трошок на организаторот, ниту пак Агенцијата доби некаква донација или финансиска поддршка за одредени сегменти од работењето.
- **Контото 770 - Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** е реализирано во износ од 1.630.183 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2018 година од 135,8% и помала реализација во однос на 2017 година за 4,3%. Средствата од оваа приходна ставка претставуваат нереализирани средства од 2017 година кои се пренесуваат како приход во 2018 година врз основа на член 23 од Законот. Овие средства се користат за основните финансиски потреби на Агенцијата во текот на првите месеци од годината, додека не се наплатат надоместоците од давателите на поштенските услуги.

## 2. <u>РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ</u>

Агенцијата за пошти во 2018 година реализираше расходи во вкупен износ од 21.927.332 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 74,3% и помала реализација во однос на 2017 година за 0,8%. Одделно по ставки се реализирани следниве расходи:

- **Потрошени материјали (конто 400)** во износ од 236.169 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 48,7% и поголема реализација во однос на 2017 година за 48,2%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за гориво за службените возила на Агенцијата, канцелариски материјали, вода, комунални услуги, стручна литература за потребите на работењето, ситен инвентар и други потрошени и административни материјали.
- **Потрошена енергија (конто 401)** во износ од 354.645 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 76,3% и поголема реализација во однос на 2017 година за 13,2%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за кондиционирање (греење-ладење) и трошоци за електрична енергија за деловните простории на Агенцијата за пошти кои се наоѓаат во Градскиот Трговски Центар во Скопје.
- Расходи за **други услуги (конто 403)** реализирани во износ од 282.727 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 31,8% и поголема реализација во однос на 2017 година за 24%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за поштенски услуги, интернет, мобилна и фиксна телефонија за потребите на редовното работење, регистрација и надомест за паркинг простор на службените возила на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање на Годишниот извештај и останати публикации на Агенцијата за пошти, расходи за поправка и сервисирање на опремата на Агенцијата, расходи за годишна претплата на Службен весник и други услуги (изнајмување, чистење на деловните простории и сл.).
- **Превозни – транспортни услуги (конто 404)** во износ од 10.000 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 28,6%. Оваа расходна ставка вклучува патни трошоци и трошоци за транспортни услуги за потребите на редовното работење на Агенцијата и на истата немаше реализација во 2017 година.

- **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** во износ од 246.844 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 22,7% и поголема реализација во однос на 2017 година за 169.305 денари. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за угостителски услуги, новогодишни пакетчиња и подароци, односно трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за надлежностите и работењето на Агенцијата, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Во текот на 2018 година Агенцијата за пошти организираше јавна седница на која сите заинтересирани страни се информираа за превземените активности на Агенцијата во текот на 2017 година. Исто така во текот на 2018 година започна и Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ за која цел беа организирани голем број на средби и состаноци со заинтересираните страни.
- **Расходи за наемнини (конто 408)** реализирани во износ од 26.775 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 11% и поголема реализација во однос на 2017 година за 22,8% или 4.966 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за наемнини за рекламен простор и расходи за наемнини на деловен простор за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“.
- **Провизија за платен промет (конто 410)** во износ од 44.572 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 75,5% и поголема реализација во однос на 2017 година за 32,2%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за банкарски провизии за платен промет и купопродажба на девизи за службени патувања во странство.
- **Премии за осигурување (конто 412)** во износ од 30.673 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 51,1% и поголема реализација во однос на 2017 година за 13,6%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за осигурување на деловните простории, опремата и службените возила на Агенцијата за пошти.
- Расходите за **дневници за службени патувања и патни трошоци (конто 413)** се реализирани во износ од 1.055.801 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 81,2% и поголема реализација во однос на 2017 година за 514%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за авио билети, сместување, дневници и други споредни расходи поврзани со службените патувања на вработените во Агенцијата. Имено, вработените во Агенцијата активно учествуваат на состаноците и работните групи организирани од Европскиот Комитет за поштенска регулација CERP, во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и во работата на Административниот совет и стратешките конференции во рамките на Светскиот поштенски Сојуз (UPU) како и на други предвидени состаноци во земјата и странство. Исто така, на оваа расходна ставка се вклучени и трошоците направени за службени патувања во земјата (обуки, надзор кај даватели на поштенски услуги и сл.).

Реализираните службени патувања во странство во 2018 година се презентирани во точка 5.2 Меѓународна соработка на Агенција за пошти од овој извештај.

Во 2018 година се реализирани и 2 службени патувања во земјата и тоа:

- службено патување во Прилеп, со цел вонреден надзор, на кое беа Раководителот на директоратот за регулатива, лиценцирање и правни работи и Раководителот на директоратот за заштита на правата на корисници и односи со јавноста,
- службено патување во Охрид на “79-та средба на правниците” на кое како претставници на Агенцијата беа Раководителот на директоратот за регулатива, лиценцирање и правни работи и Стручниот советник за лиценцирање.

Значително поголемата реализација на оваа расходна ставка во споредба со 2017 година е поради фактот што Агенцијата за пошти првиот прилив во 2017 година по основ на надоместоци од давателите на поштенски услуги, како главен извор на финансирање, го реализираше во месец април, а наплатата на најголем дел од надоместоците се реализираше во месец ноември кога и беше одобрена Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2017 година од страна на Собранието на Република Македонија, поради што не беше во можност во целост да ги реализира планираните службени патувања во земјата и странство, односно се реализираше само едно службено патување во странство, со што и трошоците на оваа расходна ставка се значително помали во 2017 година во однос на 2018 година,

- **Надоместоци на трошоци на работници (конто 414)** во износ од 732.182 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 73,2% и поголема реализација во однос на 2017 година за 2,9%. Оваа расходна ставка вклучува надоместоци на вработените предвидени во Колективниот договор на Агенцијата за пошти.
- **Негативни курсни разлики (конто 415)** во износ од 3.744 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 74,9% и поголема реализација во однос на 2017 година за 3.628 денари. Оваа ставка вклучува расходи кои се јавуваат при купопродажба на девизи за службените патувања во странство и при плаќање на фактури добиени од добавувачи од странство.
- Расходи за **интелектуални и други услуги (конто 417)** реализирани во износ 4.204.832 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 67,5% и помала реализација во однос на 2017 година за 38,6%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата во согласност со Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата од страна на надворешен и независен ревизор, расходи за консултантски услуги, надомест по договор за дело за потребите на редовното работење на Агенцијата, расходи за мерење на квалитетот на поштенските услуги, расходи за обуки за стручно усовршување согласно Законот за административни службеници, расходи за привремени вработувања ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и други услуги (хост за интернет страна, превод, фотографирање, монтажа). Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2017 година е резултат на фактот што заклучно со месец Март 2018 година заврши мерењето на квалитетот на поштенските услуги, односно мерењето на времето на пренос на единечни поштенски пратки кај давателот на универзалната услуга, активност која предизвика реализација на значајни финансиски средства во текот на 2017 година.
- **Останатите други расходи (конто 418)** се реализирани во износ од 114.523 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 92,4% и поголема реализација во однос на 2017 година за 31,8%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за објавување на огласи, набавка на стандарди, трошоци за присилна наплата на побарувања, камати за придонеси и даноци од плати и камати за задоцнето плаќање.
- На **контото 440 – Средства за градежни објекти – уредување и адаптација** во 2018 и 2017 година немаше реализација.
- **Средствата за опрема (конто 441)** се реализирани во износ од 317.613 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 44,2%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за набавка на компјутерска опрема (компјутери и принтери), набавка на компјутерски софтвер (Windows 10 Profesional) и трошоци за набавка на систем за евиденција на работното време.
- **Расходите за плати и надомести на плати (конто 460)** се реализирани во износ од 13.909.068 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 86,2% и поголема реализација во

однос на 2017 година за 5,8%. Согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти основната плата на вработените во Агенцијата се пресметува како производ на бројот на бодови за секое работно место во групата на работни места и вредноста на бодот за пресметување на основната плата утврдена со Одлука на Комисијата на Агенцијата за пошти и одобрена од страна на Собранието на Република Македонија. Поголемиот реализиран износ на оваа расходна ставка во однос на 2017 година е резултат на природното зголемување на износот за минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и на разликите во расходите за плати кои се јавуваат при користење на боледувања, породилно отсуство, неплатено отсуство и слично.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се реализирани во износ од 357.164 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 79,2% и поголема реализација во однос на 2017 година за 26,2%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за персонален данок за надоместокот на Комисијата на Агенцијата, персонален данок за надоместоците за користење на сопствено возило во службени цели кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата, персонален данок за надоместоците по основ на договор на дело, персонален данок за надоместоците исплатени согласно Колективен договор и други исплати.

Врз основа на Финансискиот Извештај за 2018 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2018 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2018 и 2017 година на Агенцијата за пошти може да се констатира дека во 2018 година Агенцијата за пошти реализираше приходи во вкупен износ од 25.202.448 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 85,4% и поголема реализација во однос на 2017 година за 4,5% и расходи во вкупен износ од 21.927.332 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 74,3% и помала реализација во однос на 2017 година за 0,8%.

Притоа, на расходната страна може да се нотира поголема реализација во однос на 2017 година кај најголем дел од расходните ставки. Ова е поради фактот што во 2017 година Агенцијата за пошти првиот прилив по основ на надоместоци од давателите на поштенски услуги, како главен извор на финансирање, го реализираше во месец Април, а наплатата на најголем дел од надоместоците се реализираше во месец ноември кога и беше одобрена Годишната програма за работа и Финансискиот план за 2017 година од страна на Собранието на Република Македонија. Оттука, Агенцијата за пошти не беше во можност да ги реализира предвидените активности за 2017 година во целост, што резултира и со поголема реализација на приходите и расходите во 2018 година во однос на 2017 година. Исто така, во месец март 2018 година заврши мерењето на квалитетот на поштенските услуги, односно мерењето на времето на пренос на единечни поштенски пратки кај давателот на универзалната услуга, активност која предизвика реализација на значајни финансиски средства во текот на 2017 година, што резултира со помалку реализирани трошоци во 2018 година на расходната ставка 417 – Интелектуални и други услуги за 38,6%.

Сето горенаведено е генералната причина за поголемата реализација во 2018 во однос на 2017 година на најголем дел од расходните ставки, а во продолжение презентираме образложение за поголемата реализација во однос на 2017 година на секоја од расходните ставки, и тоа:

- Конто 400 – Потрошени материјали е со поголема реализација за 48,2%, како резултат на поголемата реализација на расходи за ситен инвентар – мебел, расходи за стручна литература и расходи за вода и комунални услуги за новиот деловен простор изнајмен за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот,
- Конто 401 – Потрошена енергија е со поголема реализација за 13,2%, како резултат на поголемата реализација на расходите за кондиционирање (греење и ладење) и електрична

енергија за новиот деловен простор изнајмен за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот,

- Конто 403 – Други услуги е со поголема реализација за 24%, како резултат на поголемата реализација на расходите за поштенски услуги, за регистрација на службените возила на Агенцијата, поголемите трошоци за печатење, поголемите трошоци за поправка и сервис на опремата на Агенцијата, поголемите расходи за набавка на дигитални сертификати на вработените, како и поради расходите за годишна претплата на изданијата на Службен весник на Република Македонија за кои немаше реализација во 2017 година,
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги е со поголема реализација за 10.000 денари, поради фактот што на ова конто немаше реализација во 2017 година,
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација е со поголема реализација за 218,3% или 169.305 денари, како резултат на поголемата реализација на расходите за угостителски услуги, новогодишни пакетчиња и подароци, односно трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за надлежностите и работењето на Агенцијата, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги. Имено, во текот на 2018 година Агенцијата за пошти организираше јавна седница на која сите заинтересирани страни се информираа за превземените активности на Агенцијата во текот на 2017 година, а исто така во текот на 2018 година започна и Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ за која цел беа организирани голем број на средби и состаноци со заинтересираните страни.
- Конто 408 – Наемнини е со поголема реализација за 22,8% или 4.966 денари, како резултат на поголемата реализација на расходите за наем на деловни простории за новиот деловен простор изнајмен за потребите на постојаниот советник од Шпанија ангажиран во Твининг проектот,
- Конто 410 – Провизија за платен промет е со поголема реализација за 32,2%, како резултат на поголемата реализација на трошоците за банкарска провизија за купопродажба на девизи за службените патувања во странство на вработените во Агенцијата. Имено, согласно претходно наведеното образложение во текот на 2017 година се реализираше само едно службено патување во странство, поради што и трошоците за банкарска провизија за купопродажба на девизи за службените патувања во странство се значително помали во 2017 година во однос на 2018 година,
- Конто 412 – Премии за осигурување е со поголема реализација за 13,6%, како резултат на фактот што во текот на 2018 година беше реализирана набавка на компјутерска опрема, мебел и систем за евиденција на работното време, што резултира и со поголеми трошоци за осигурување на истите,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци е со поголема реализација за 514%, поради фактот што Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2017 година, како составен дел од Годишната програма за работа на Агенцијата за 2017 година, беше одобрен од страна на Собранието на Република Македонија во ноември 2017 година и поради тоа Агенцијата не беше во можност во целост да ги реализира планираните службени патувања во земјата и странство, односно се реализираше само едно службено патување во странство, со што и трошоците на оваа расходна ставка се значително помали во 2017 година во однос на 2018 година,

- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на работници е со поголема реализација за 2,9%, како резултат на фактот што во 2018 година, покрај надоместокот за регрес за годишен одмор на вработените во Агенцијата во 2018 година беше исплатена и финансиска помош за смрт на член на семејно домаќинство на вработен во Агенцијата и јубилејна награда за 10 години работа во Агенцијата на 4 вработени.
- Конто 415 – Негативни курсни разлики е со поголема реализација за 3.628 денари, како резултат на поголемиот број на реализирани службени патувања во 2018 година во однос на 2017 година, а согласно претходно наведеното образложение,
- Конто 418 – Останати други расходи е со поголема реализација за 31,8%, како резултат на фактот што Агенцијата реализираше поголеми расходи за присилна наплата на побарувања од давателите на поштенските услуги за кои е покрената постапка за присилна наплата пред извршител, при што Агенцијата ги сноси трошоците за присилна наплата за давателите кои се избришани од страна на Централниот Регистар на Република Македонија согласно Законот за трговски друштва, или за кои е спроведена постапка на ликвидација или стечај, како и поради поголемиот износ на реализирани расходи за објавување на огласи во печатените дневни весници.
- Конто 441 – Средства за опрема е со поголема реализација за 317.613 денари, како резултат на фактот што во 2018 година Агенцијата набави компјутерска опрема (компјутери и принтери), компјутерски софтвер (Windows 10 Profesional) и систем за евиденција на работното време. Притоа, вредно е да се напомене дека со споменатите набавки се изврши обновување на компјутерската опрема која се користеше од основањето на Агенцијата, односно од 2008 година,
- Конто 460 – Вкалкулирани плати е со поголема реализација за 5,8% како резултат на природното зголемување на износот за минат труд вклучен во платите на вработените (0,5% за секоја година работен стаж), како и на разликите во расходите за плати кои се јавуваат при користење на боледувања, породилно отсуство, неплатено отсуство и слично.
- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот е со поголема реализација за 26,2%, како резултат на поголемата реализација на расходите за персонален данок за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти (која за разлика од 2017, во 2018 година работеше во полн состав), како и на поголемата реализација на расходите за персонален данок за исплатените надоместоци согласно Колективниот договор на Агенцијата.

Во 2018 година нема реализација на контото 440 - Средства за градежни објекти – уредување и адаптација.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 05-74/1
08.02. 2019 год.
СКОПЈЕ

| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси |
|---|---|---|
| _ _ _ (1 2 3) | 0 6 3 8 1 0 4 9 (4–11) | 2 1 0 0 6 3 8 1 0 4 9 0 1 6 2 (12–26) |

Период: _ _ _ Контролор: _ _

НАЗИВ НА НЕПРОФИТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА **Агенција за пошти**

СЕДИШТЕ **Кеј 13-ти Ноември бр.ГТЦ 2 спр.-секција 6/лок.116 Скопје 02/3212-107**

# БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

на ден **31.12.2018** ГОДИНА

(во денари)

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | А К Т И В А<br>А.ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА ( 002+003+008+009) | 001 | **384.192** | **4.707.118** | **4.228.080** | **479.038** |
| 1. | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 002 | **15.014** | **913.769** | **888.965** | **24.804** |
| | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 003 | **369.178** | **3.793.349** | **3.339.115** | **454.234** |
| 2. | Земјишта и шуми | 004 | | | | |
| 3. | Градежни објекти | 005 | | | | |
| 4. | О п р е м а | 006 | **87.097** | **2.007.939** | **1.710.939** | **297.000** |
| 5. | Други материјални средства | 007 | **282.081** | **1.785.410** | **1.628.176** | **157.234** |
| | II.МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 008 | | | | |
| 6. | III. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА | 009 | | | | |

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
